Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| | | | |

До

**Влада на Република Северна Македонија**

**Секретаријат за законодавство**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
SEKRETARIATI I LEGJISLACIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 27 MAY 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.един: Nj. org. | Број: Numri: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| | | | |

**Дата:** 21.05.2026 г.

**Предмет:** Барање на информации од јавен карактер

Почитувани,

Ви се обраќаме Вам како самостојна стручна служба при Владата на Република Северна Македонија надлежна за обезбедување на конзистентноста на правниот систем, усогласеноста на законите и другите прописи со Уставот на Република Северна Македонија и со меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, со цел совет за постапување по правен акт донесен од Министерството за економија и труд.

Свесни сме дека вашата улога во правниот систем е советување на државните тела за усогласеност на правниот систем, а не и толкување на одредени постапки на органи на владата. Сепак како професионалци во областа на безбедност и здравје при работа затечени сме со носење на пропис од Министерот за економија и труд, кој сметаме дека е неуставен, и бараме правен совет дали да постапуваме по овој пропис.

Имено, на ден 13.05.2026 година под број 12-3112/1 а врз основа на член 46 став (1) од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15 и 30/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 18/20 и 74/25), министерот за економија и труд донесе Правилник за условите за

вработените, организацијата, техничките и други услови кои треба да ги исполни правното лице за вршење стручни работи за безбедност при работа.

Не навлегувајќи во содржината на правилникот и оправданоста на неговото носење спротивно на член 16 став (5) од Одлуката за номотехнички правила за подготвување на законите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 153/23), бидејќи Законот за безбедност и здравје при работа е донесен пред оваа одлука, бараме појаснување дали овој правилник има полноправна важност и дали како стручни лица треба да го применуваме.

Согласно член 52 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија „Законите и другите прописи се објавуваат пред да влезат во сила." и член 52 став 2 „Законите и другите прописи се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија" најдоцна во рок од седум дена од денот на нивното донесување.".

Согласно член 3 став 1 точка 6 од Законот за објавување на законите, другите прописи и акти во „Службен весник на Република Северна Македонија" („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/99, 43/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 21/21): „Во „Службен весник на Република Северна Македонија", се објавуваат: 6. Подзаконските и другите акти кои ги донесуваат министрите или министерствата, акти на функционерите кои раководат со други органи на државната управа, актите на организациите утврдени со закон, агенциите, дирекциите или други правни лица кои целосно се финансираат од Буџетот на Република Северна Македонија;".

Посочениот правилник не е објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" туку е објавен на веб страната на министерството, со што се прекршуваат посочените членови од Законот и Уставот.

Истиот правилник со слична содржина беше објавен на веб страната и на 05.05.2025 под број 12-2422/1. За истиот како Здруженија реагиравме до соодветното министерство и до денес немаме добиено повратен одговор.

Како професионални граѓански Здруженија во областа на безбедност при работа бараме одговор од вас на следните прашања:

- Дали овој правилник е во сила и треба да се применува во правниот систем на Република Северна Македонија?

- Какви правни последици може да доведе примената на овој правилник?

Со искрени желби за успешна соработка во интерес на БЗР,

Со почит,

**Здружение за заштита при работа на општина Битола, Битола**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**( Предраг Зариќ )**

**Македонско здружение за заштита при работа, Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**( Петар Наумовски )**

**Здружение за безбедност при работа 28 Април, Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**( М-р Благоја Богоевски )**

**Здружение на инженери за заштита ТУТЕЛА, Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**( М-р Дејан Ангеловски )**